РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (РКЕ) донесе Одлука со која се врши **зголемување** на малопродажните цени на нафтените деривати во **просек за 1,47%** во однос на одлуката од 29.6.2026 година.

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат зголемување кај бензините во просек за 2,576%, кај дизелот зголемувањето е во просек за 5,201%, кај екстра лесното масло зголемувањето е во просек за 4,681% и кај мазутот намалување во просек за околу 0,967%.

**Курсот на денарот во однос на доларот** во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка **е повисок за 1,5132%.**

**Од 7.7.2026 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

- **Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 - 85,50 (денари/литар)**
- **Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 - 87,50 (денари/литар)**
- **Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) - 82,50 (денари/литар)**
- **Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) - 81,50 (денари/литар)**
- **Мазут М-1 НС - 41,230 (денари/килограм)**

Малопродажната цена на **ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) се зголемува за 2,50 ден/лит.**

Малопродажните цени на бензините **ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 се зголемуваат за 1,00 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Екстра лесното масло за домаќинство (ЕЛ-1) се зголемува за 2,00 ден/лит.**

Малопродажната цена на **Мазутот М-1 НС се намалува за 0,265 ден/кг.**

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 7.7.2026 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

6.7.2026

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk